Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/11,136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) и член 15 од Правилникот за цени на електрична енергија за снабдување во краен случај (Службен весник на Република Македонија бр. 97/12), како и врз основа на Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на мали потрошувачи приклучени на дистрибутивниот систем во сопственост на АД ЕЛЕМ - Скопје (Службен весник на Република Македонија бр.113/14 и 177/14), постапувајќи по Барањето за утврдување на регулиран максимален приход, просечна цена како и цени за пресметковни елементи за вршење на регулирана енергетска дејност снабдување во краен случај со електрична енергија за 2017 година на Акционерско друштво за производство на електрична енергија Електрани на Македонија, во државна сопственост, Скопје, подружница Енергетика (во натамошниот текст: АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика) УП1 бр.08-68/17 од 15.05.2017 година, на седницата одржана на 31.07.2017 година, донесе

# **О Д Л У К А**

## **за одобрување на регулиран максимален приход, просечна цена, како и цени за пресметковни елементи за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување во краен случај со електрична енергија на АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика за 2017 година**

1. На АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика, за 2017 година, се одобрува регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност снабдување во краен случај со електрична енергија да изнесува 22.991.263 денари, за испорачани 4.039.431 kWh електрична енергија.

2. Просечната продажна цена на електрична енергија по која АД ЕЛЕМ - Скопје, подружница Енергетика, ги снабдува потрошувачите за 2017 година од:
   - категоријата на потрошувачи приклучени на 6kV и 35 kV напонско ниво се утврдува да изнесува 4,9503 денари за kWh електрична енергија, и
   - категоријата на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво се утврдува да изнесува 5,8940 денари за kWh електрична енергија.

3. Во согласност со точка 1 и точка 2 од оваа Одлука, цените на пресметковните елементи врз основа на кои потрошувачите ја плаќаат испорачаната електрична енергија, се утврдуваат да изнесуваат:

| Пресметковен елемент | Единица | Време на испорака на електрична енергија во текот на денот | Цени за пресметковни елементи (денари) | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Категорија на потрошувачи приклучени на 6kV и 35 kV напонско ниво | Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво | |
| | | | | Прв тарифен степен | Втор тарифен степен |
| Активна моќност | kW | | 806,96 | 934,02 | (*) |
| активна електрична енергија | kWh | ВДО | 3,38 | 4,48 | 5,89 |
| | | НДО | 1,67 | 2,19 | (*) |
| прекумерно превземена реактивна електрична енергија | kvarh | ВДО | 0,76 | 1,12 | 2,06 |
| | | НДО | 0,46 | 0,57 | (*) |

4. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

5. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија, а ќе се применува од 1 август 2017 година.

**УП1 бр. 08-68/17**
**31 јули 2017 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**